Бојана Дујковиќ - Благојевиќ
Самојко Цвијановиќ

Писмени или послушни

Образованието во Кралството Југославија



Клучно прашање

“Конечната цел на образованието во Југославија 1918-1941 година била создавање на послушни граѓани”.

Во колкава мера ова е точно кога е во прашање:

а) Политика

б) Пракса

в) Настава

Тема

Овој модел се однесува на образованието во Кралството Југославија во периодот 1918 до 1941 година. Оваа тема е одбрана затоа што низ образовната политика лесно може да се види намерата на режимот да ги обликува граѓаните да бидат лојални кон династијата, односно идејата на југословенството. Оваа тема е контроверзна за целиот регион бидејќи покажува како политиката се прилагодувала во различни делови од земјата. Иако законите важеле за целата земја, сепак постоеле извесни отстапувања во нивното спроведување. Разликите биле особено големи помеѓу северот и југот, но и поради неможноста за образување на малцинствата.

Очекувани резултати

Разбирање на основите на образовниот систем во Кралството Југославија:

- Учениците ќе извршат евалуација на историските извори во однос на нивната сигурност (официјални документи наспроти усмени извори и т.н.)
- Ќе ја проценат намерата на државата на полето на образованието, како и спроведените мерки
- Низ анализа на извори, учениците ќе ги воочат и разберат препреките и ограничувањата со кои се соочувала државата во спроведувањето на образовната политика

Цели

- Запознавање со образовниот систем на Кралството Југославија
- Како и на кој начин државата, користејќи го образовниот систем, се обидувала да формира послушни граѓани верни на династијата и земјата со огромни економски, културни и општествени разлики
- Што сакала државата да постигне низ образовниот систем, а што успеала да реализира во пракса, ќе се обидеме да одговориме низ оваа работилница

45 минути

Упатство за наставникот

Наставникот ќе им го прочита воведот на учениците и на одделението ќе му ја претстави темата на часот. Учениците треба да бидат поделени во три групи:

- Група 1 ги анализира ставовите и настојувањата на државата во смисол на образованието на своите граѓани.
- Група 2 ги анализира начините на спроведување на образовната политика
- Група 3 ја истражува положбата на наставникот-учителот, како вршител на државната политика.

Чекор 1

Вовед (контекст) – наставникот ги дели учениците во 3 групи и го чита воведот

Чекор 2 - секоја група треба да ги прочита и анализира изворите, потоа да подготви презентација, одговарајќи на клучното прашање од својата група и пополнувајќи ја следната табела:

----------|----------

Послушност и лојалност | Личен развој

Чекор 3

Дискусија – секоја група ги претставува сопствените резултати

Чекор 4

Заклучок – наставникот би требало на табла да го запише клучното прашање и низ дискусија да ги наведе учениците да го одговорат оценувајќи го секое тврдење (5 за најдобро и 1 за најлошо)

Активности

Група 1:
Државна образовна политика

Задача на првата група е да ги анализира изворите кои говорат за активностите кои ги превземала државата во областа на образованието (државна образовна политика односно што државата ветила дека ќе стори на планот на бразованието)

Клучно прашање
Какви мерки превземала државата во образованието? Кои биле задачите на образовниот систем во Кралството Југославија?

Вовед

1918

(III)

1939/40 *50,1%*

Извор **1**



Извор **4**
Химна на Кралството Југославија

“(...) Боже, спаси го,
Боже чувај го
нашиот Крал и нашиот род
Кралот Петар,
Боже чувај,
те моли сиот наш род”.

Извор **3**
Устав од 1931 година

Член 16
“Сите училишта мораат да вршат морално воспитување и да ја развиваат духовната свест на народното единство и верска толеранција”.

Digitalna narodna biblioteka Srbije
http://scc.digital.nb.rs/document/RA-ustav-1931(downloaded October 26, 2012)

Извор **6**

Задачи на училиштата

По воведувањето на диктатурата во 1929 год. Се менува и образовната политика. Културната и просветна програма на режимот, која претходно е одобрена од кралот, презентирана е на Министерскиот совет на 12 март 1929 год. Авторот на програмата, министерот за просвета Божидар Максимовиќ нагласуваше дека во целиот период – од обединувањето и потоа – постоеше "постојано тежнеење, невидливо и несвесно, за создавање на племенски интелектуални центри, кои во крајна линија, постепено водат кон духовен и политички тријализам, наместо делувањето на просветата да биде спротивно". Во низата на акции и мерки кои имале различен идеолошки карактер, посебно место завземала работата на создавање единствена наставна програма, изедначување на правописот и терминологиите, унификација на просветното законодавство, изработка на единствени учебници за училиштата, народното просветување... Во просветната програма, задача на основните училишта не била само да ја шири писменоста, "туку, национално да образува".

Ljubodrag Dimid, Integralno jugoslovenstvo i kultura 1929-1931. godine, str. 334-340
http://www.cpi.hr/download/links/hr/6978.pd (downloaded October 26, 2012)

Извор **7**

ОУ Крал Петар, Белград

Приватна фотографија, семејство Лазаревиќ

Извор **8**

Соколана Крал Александар, Добој, БиХ

Приватна фотографија, семејство Дујковиќ

Извор **9**

Официјални имиња на мајчиниот јазик во Кралството Југославија

1918. – Српски или хрватски јазик
1926. – Српско-хрватско-словенечки јазик
1934. – Народен јазик (Српскохрватскословенечки јазик)

M. Papic, Skolstvo u BiH 1918 - 1941, Sarajevo 1984, 23-25

Прашања

1. Кои се најзначајните разлики во Уставите од 1921 и 1931 година?
2. Кон што се тежнеело вообразованието по воведување на диктатурата во 1929 гдина?
3. Кој бил централна фигура во образовниот систем во Кралството Југославија?
4. Која била главната воспитна цел во Кралството Југославија?
5. На кој начин државата се обидувала на своите граѓани да им обеезбеди еднакви права на образование?
6. Што се сакало да се постигне со менувањето на мајчиниот јазик во Кралството Југославија?
7. Во која мера тоа претставува политичко прашање?

Активности

Група 2:
Како се реализирала државната политика во образованието?

Задача за оваа група е да ги анализира изворите кои говорат за тоа на кој начин државната политика била реализирана во пракса.

Клучно прашање
Во која мерка, со Устав загарантираните права биле достапни до граѓаните во различни делови на земјата?

Вовед
Во 1918 година биле обединети земји со различно ниво на просветен развиток и образовни традиции. Додека едните биле многу развиени, со широка мрежа на училишта, други едвам да чуле за нивно постоење. Воспитно-образовниот систем се базирал на унитаристичката идеа за единство на "троименот српско – хрватско – словенечки" народ и јазик на идејата за единствена монархија, што се одразувало и во наставните програми и воспитна работа.
Според Законот за народни училишта во целата земја постоеле четиригодишни основни училишта и виши народни училишта (од V до VIII одделение) кои се воведувани постепено. Со оглед на тоа дека осумгодишното образование било задолжително, запишаните ученици ученици биле многу помалку отколку оние кои биле предвидени. Имало многу малку основни училишта, посебно во неразвиените краишта (Македонија, Косово, Санџак, БиХ, Лика) па затоа добар дел од населението останало неписмено. Во целата земја, во просек една третина од обврзниците не оделе на училиште, а во 1939/40 година во основните училишта се запишале едвам 50,1% од обврзниците.

Извор **1**

Карта со процети на неписмено население по Бановини од 1931 година

Lj. Dimic, Kulturna politika Kraljevine Jugoslavije 1918 - 1941, II, 192

Извор **2**

Измени во наставните планови и програми

"Учителите во училиштата во БиХ по војната работеле според стекнатите закони и прописи од периодот на Австро-унгарија. Во наставните планови и програми, како и во другите облици на работа, отфрлани се само оние елементи кои непосредно ги одржувале воспитните интенции и други желби на претходните окупаторски режими. Во наставните планови и програми веднаш се извршени корекции во групата на национални предмети (историја, географија и народен јазик). И во учителските школи, како и во програмите на другите училишта, тежиштето на наставата било на историјата на Србите, Хрватите и Словенците. За училишни лектири биле пропишани познати дела од српска, хрватска и словенечка книжевност. Се што спаѓало во апотеозата на Хабсбуршката династија било заменето со воздигнување на династијата Караѓорѓевиќ".

Mitar Papić, Školstvo u BiH 1918 – 1941, Sarajevo 1984, str. 82.

Извор **3**

Разлики помеѓу бановините

Проценка е дека БиХ во 1937 година имала 2.323.000 жители. Податоците за таа школска година покажуваат дека училиштата опфаќале само околу 40% од децата, додека 60% останале неписмени. Во исто време во Дравската бановина сите деца биле опфатени во училиштата, додека во Дунавската бановина само 15% останале неопфатени.

Mitar Papić, Školstvo u BiH 1918 – 1941, Sarajevo 1984, str. 23-25

Извор **5**

Образование на малцинствата

Училиштата отворени за муслиманските деца имале за учители Срби, а наставници по верските предмети биле Албанци или Турци. Овие, т.н. Муслимански часови ги посетувале и децата Албанци од католичка вероисповед. Верската настава за овие деца ја држеле свештеници. Во Кралството Југославија, проблемите со Хрватите католици имале политички, национален и верски карактер. Во секој случај, иако овие часови биле организирани за муслиманското малцинство, католичките албански деца морале да ги посетуваат.

Извор **4**

Во 1938-39 година основно училиште посетувале само 9%, а средно училиште само 1,6% од жителите на Кралството

Dušan Bataković, Nova istorija srpskog naroda, Beograd 2000, str. 293.

Извор **6**

Службен јазик и настава

Мислење на училишниот претпоставен за градот Битола, Г. Тасиќ, за изјавата на учителката Ј. Марковиќ, составено до Просветното отсек во Битола, 30 јуни 1927 година.

"Во текот на оваа училишна година од северните краишта во Битола е преместена г-ѓа Јерина Марковиќ на која и доверив едно трето одделение и на прв поглед таа изгледа дека добро владее со литературниот јазик. Меѓутоа, по проверката на нејзината работа во одделението, констатирав и нешто што и самата го призна во текот на разговорот. Децата одговараа дека се Македонци и дека говорат на македонски јазик. Тоа ме изненади, бидејќи констатирав дека наставничката не можела или не сакала на децата да им го објасни српскиот јазик. Не е возможно децата од неа да барале таа да говори на дијалект на кој не смее да се реализира наставта (...) Моето принципиелно и скромно мислење е дека треба еднаш да се расчисти со просветните работници кои не одговараат за овие краишта".

Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и националната држава, том II, Скопје 1981, стр. 136.

Извор **8**

Битка меѓу кирилицата и латиницата

Види ги оние будали таму, како се тепаат дали кирилица или латиница, а ние не ги знаеме ни едната ни другата

http://www.udi.rs/gallery.asp?gal=2&sli=10(downloaded October 26, 2012)

Извор **7**

Причини за непосетување на училиштата

Наставниот Совет на Дринската бановина помеѓу останатото се позанимавало и со испитување на причините за недоаѓање на училиште, па се утврдени следните причини:

1. Недоволно развиена свест за потребата и користа од образованието
2. Сиромаштија
3. Лоши теренски и сообраќајни околности
4. Неприменливост на постојните законски прописи за казнување на несовесните

Izvještaj o situaciji u Drinskoj banovini, knjiga 3 (1936-1939), ur. Andrej Rodinis, 646, Sarajevo 2011.

Извор **9**

Став на наставниците за плановите и програмите

Наставничкиот Совет на Дринската бановина на своето трето заседание во деновите 11, 12 и 13 март 1939 година се занимавал и со прашањето на денешните наставни планови и програми за народните основни училишта, па е констатирано дека сегашните наставни планови и програми не одговараат на вкупниот број на часови, ниту пак одговара изборот на наставни предмети, во Чл. 1 од Законот за народни училишта, кој говори за задачите на народните училишт; дека нашите народни училишта работат во многу различни услови и дека постојат различни типови на училишта (поделени, неподелени, селски, градски, малцински) па е невозможно денешниот единствен наставен план и програма доследно да се спроведе во сите тие различни типови на училишта.

Izvještaj o situaciji u Drinskoj banovini, knjiga 3 (1936-1939), ur. Andrej Rodinis, 646, Sarajevo 2011.

Извор **10**

Разлики помеѓу учениците

"Два часа се одржаа во дворот на католичката црква. Нашата учителка беше чесна сестра. Половината од учениците беа муслимани, а другата половина католици, нарочно во Призрен, иако постоеа национални разлики помеѓу муслиманските ученици. Два пати неделно, во вторник и петок, имавме часови по веронаука".

Z.Volkan born in Prizren in 1928. He was studied in Muslim-Serb classes in 1935-1936. This interview was made at his home and on 30 January 2012.)

Прашања

1. Какви и колкави биле разликите во процентуалната неписменост во различните краишта на Кралството?
2. Со што можат да се објаснат таквите разлики?
3. Кои биле главните пречки за примена на Законот за образование, пропишан од државата?
4. Колку законодавецот бил свесен за реалните проблеми на терен (анализирај ја карикатурата)?
5. Во која мера неписменоста на населението сведочи за степенот на развиток на општеството?

Активности

Група 3:
Извршители на образовната политика – учител, господин или државен слуга

Третата група ги анализира изворите кои говорат за положбата на учителот, односно оние кои биле главни спроведувачи на образовната политика

Клучно прашање
Дали и како државата влијаела врз учителите да станат пропагатори на државната политика?

Вовед
Учителите биле државни чиновници кои службата ја добивале директно од министерот за образование. Бидејќи образованието и описменувањето на населението било прокламирано како еден од приоритетите на државната политика, на образованието на идните учители се посветувало големо внимание. Со растот на потребата од учители, а нив ги имало недоволно, учителите биле принудени често да се селат и да го менуваат работното место.

Извор **1**

Закон за учителски школи

Чл. 1.
Учителските школи служат за стручно образование на учителите во народните училишта. Својата задача ја постигаат со:
- Им даваат на приправниците темелна општа и стручна (педагошка) подготовка;
- Ги образуваат во духот на државното и народно единство и верска трпеливост;
- Ги увежбуваат и навикнуваат на националната и културната мисија кај народот, нарочно на село.

Zakon o učiteljskim školama iz septembra 1929. Preuzeto iz: M. Papić, *Školstvo u BiH 1918-1941,* Sarajevo, 1984, str. 177.

Извор **2**

Учители – носители на државната идеја

Во просветната програма задача на основното училиште не било само да шири писменост "туку и многу повеќе, национално да воспитува". На училиштата им се забележувало тоа што во првата деценија од постоењето на југословенската држава, не одговорила на таа задача. Просветната власт била обвинувана дека немале "ни смисол, ни сила" да ги натераат учителите да бидат "на висина на својата задача". Од учителите се барало да бидат "носители на државната идеја". Учителските школи биле обврзани да дадат "учителски кадар кој во својата работа нема да доаѓа во колизија со битните идеи за уредувањето на државата, обликот на владеење, општественио поредок, како и со државното и народно единство".

Ljubodrag Dimić, Integralno jugoslovenstvo i kultura 1929-1931. godine, str. 334-340
http://www.cpi.hr/download/links/hr/697(downloaded October 26, 2012)

Извор **3**

Слободите на учителките

"Во 1926 година, Министерството за просвета носи одлука учителките да не можат да се мажат без согласност на Министреството за просвета. Министерот Добривоје Стошовиќ оди и чекор понатаму носејќи одлука дека учителките можат да се мажат само за учители, доколку сакаат да останат во службата".

M. Papić, Školstvo u BiH 1918-1941, Sarajevo, 1984, str. 177

Извор **4**

Пристојно облекување на учителките

На 28 јуни 1925 година министерот за образование издава интересна наредба: "Министерството за просвета често добива преставки од просветните инспектори, училишните претпоставени, селски кметови и други кои свртуваат внимание на непристојното облекување на учителките, велејќи дека често меѓу народот се гледаат со сукњи до колена, спуштени раменици и премногу отворено деколте, што го навредува и најпримитивното поимање на убавина, отменост и пристојност со оглед на средината во која работат и се движат. Како би им се застанало на патот на ваквите појави, наредувам учителките, од наредната училишна година, на улица, а нарочно во училиште, да носат пристојно одело кое ќе одговара на сериозноста на нивната работа и воспитното влијание, во средините во кои работат (...)".

100 godina osnovne škole u Boljaniću, Doboj 1996,str. 101

Извор **5**

Чести селидби на учителите

Случај на учителката Евица Батистиќ од Врпоље. Завршила учителска школа во Осиек 1926 година. Работела како учителка неполни 19 години. За тоа време неколку пати била принудена да го менува работното место. Започнала во 1928 година во Храни (Хрватска), 1934 преминала во Палешник (Хрватска). Во 1940 преоѓа во Блато на Корчула (Хрватска), за да во 1941 година биде преместена во местото Оџаци (Војводина). Кратко време работела и во Македонија. Војната ја затекнала во Војводина.

Datas taken from Museum in Osijek

Извор **6**

Преместување на учителите

Не може лесно да се објасни појавата на преместување на учителите сред училишна година по нечија волја. Која власт ја превзема на себе надлежноста и ненадлежноста во однос на грешните учители, изложени на секакви политички ветришта(...) Тоа се прави поради нечија политичка волја, учителот се одделува од семејството или сред зима се бори за ново работно место. Но, ова не е единствениот проблем. Темна слика дава и бедната учителска плата. Учителите не примаат плата преку целата година, децата се без учебници и основни средства и др. Учителите имаат мизерни плати (почетниците имаат 900 динари плата) кои ги добиваат нередовно..."

Положај јужносрбијанских учитеља и стање наших школа, „Шк. гласник",

Извор **7** **Професори и Наредници**

Наредник: Сите ние знаевме дека ти како најдобар ученик ќе станеш професор, а мене како слаб ученик ме исфрлија од училиште, па сега сум обичен наредник.

Професор: Камо среќа и јас да бев слаб ученик

http://www.udi.rs/gallery.asp?gal=2&sli=12(downloaded October 26, 2012)
Karikatura Profesori I narednici

Прашања

1. Пореди ги изворите според важност!
2. Пронајди го наважниот извор од понудените, од гледна точка на личната слобода на учителот!
3. Покрај образованието на учениците, кои биле најважните задачи на учителите?
4. Што очекувала државата од учителите?
5. Каков бил односот на општеството кон учителите?
6. Во која мера учителите имале лична слобода?
7. Дали учителите биле изложени на политички притисоци?